Архивски знак: 2802
Shenja arkivore:
Рок на чување: 15
Afati i ruajtjes:
25-03-2022

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
# ЦАРИНСКА УПРАВА

**Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.04.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Наим Рамети и Дејан Атанасовски, повторно одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, поведена по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-023286/19-0006 од 28.03.2019 година на, Сектор за контрола и истраги, Одделение за оперативни работи, против сторителот на царински прекршок Северџан Красниќ од Скопје, за сторен прекршок од член 263 став 3 вв. став 1 точка 8 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинска управа и член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци, на ден 02.02.2022 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Еџевит Касум од Битола, роден на ден 03.12.1980 година,со адреса на живеење на ул.Љубојно бр. 1, Битола, со патна исправа бр.B0210297 издадена на 20.12.2010 година. од МВР Битола, државјанин на Република Македонија

## СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 14.07.2018 година во 20:30 часот, при влез во Република Македонија на граничниот премин Меџитлија, се пријави лицето Еџевит Касум како возач на ПМВ марка „Волсфаген Пасат„ со регистарски ознаки БТ1905АЦ. На прашањето што има да пријави, истиот одговорил дека нема ништо за пријавување. По извршениот детален преглед во багажниот простор во најлонски кеси од Лидл беа пронајдени кармини, сенки, вештачки клепки а во џебовите од задната страна на предните седишта беа пронајдени најлончина со различна бижутерија нараквици, привезоци за клучеви, а во џебовите од двете предни врати беа пронајдени исто така најлончина со бижутерија. Во багажниот простор од левата и десната страна под страничните капаци е откриено сокриена стока кармини за уста и тоа вкупно : препарати за шминкање на усни 60 парчина, препарати за шминкање на очи 175 парчина, препарати за маникир и педикир 24 парчина, привезоци за клучеви 70 парчина, женски белегзии 11 парчина, со вкупна вредност на стока од 27.520,00 денари со избегнати царински давачки во износ опд 6.921,00 денари.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Еџевит Касум од Битола, сторил царински прекршок по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата,

## МУ СЕ ИЗРЕКУВА

. Глоба во износ од 100 (сто) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на изрекување на глобата, односно 6.150,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0338/19, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0338/19, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршена уплата (обрасците ПП50) да ги достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РМ, ул.Колекторска 6.6., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 75 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на сторителот на царински прекршок, му изрече и задолжително предвидената посебна прекршочна мерка, одземање на стоката предмет на сторениот прекршок и тоа: препарати за шминкање на усни 60 парчина, препарати за шминкање на очи 175 парчина, препарати за маникир и педикир 24 парчина, привезоци за клучеви 70 парчина, женски белегзии 11 парчина.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, одлучувајќи по жалбата на Еџевит Касум од Битола, со решение УП2 број 17-197 од 24.12.2020 година, жалбата на Еџевит Касум од Битола, ја уважува, а решението на Комисијата Прк.бр.0226/18 од 18.09.2018 година го поништува и предметот го враќа на повторно одлучување со насока при повторно постапување и одлучување, првостепениот орган да ги има во предвид членот 2 став (1) од Законот за прекршоците во кој е предвидено дека за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик, а согласно член 3 став (2) од Кривичниот законик („Службен весник на РМ бр.37/1996...248/18), ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот и при одмерување на глобата ќе треба да ги има во предвид одредбите од член 16 став (1), член 21 став (1) и член 26 став (1) од Законот за прекршоците

(„Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и согласно утврденото да донесе правилно и законито решение.

Комисијата утврди дека согласно член 60 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата повторно ја спроведе доказната постапка и изврши увид: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-061675/18-0005 од 16.07.2018 година на Ц.И Меџитлија, записник за царински прекршок бр.28-061675/18-0001 од 14.07.2018 година, потврда за привремено одземени предмети бр.28-061675/18-0002 од 14.07.2018 година, записник за претрес на ПМВ бр.28-061675/18-0004 од 14.07.2018 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки бр.28-061675/18-0003 од 14.07.2018 година, записник за претрес на лице бр.28-061675/18-0004 од 14.07.2018 година, службена белешка бр.28-061675/18-0001(5) од 14.07.2018 година, соопштение бр.28-061675/18-0001(4) од 14.07.2018 година, копија од изјава, копија од патна исправа бр.B0210297, фотодокументација, покана за писмено произнесување бр.28-061675/18-0006 од 10.08.2018 година, повратница од пошта Битола од 14.08.2018 година, писмено произнесување бр.28-061675/18-0007 од 16.08.2018 година, решение УП2 број 17-197 од 24.12.2020 година, жалба на Еџевит Касум од Битола, решение Прк.бр.0226/18 од 18.09.2018 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 14.07.2018 година во 20:30 часот, при влез во Република Македонија на граничниот премин Меџитлија, се пријави лицето Еџевит Касум како возач на ПМВ марка „Волсфаген Пасат„ со регистарски ознаки БТ1905АЦ. На прашањето што има да пријави, истиот одговорил дека нема ништо за пријавување. По извршениот детален преглед во багажниот простор во најлонски кеси од Лидл беа пронајдени кармини, сенки, вештачки клепки а во џебовите од задната страна на предните седишта беа пронајдени најлончина со различна бижутерија нараквици, привезоци за клучеви, а во џебовите од двете предни врати беа пронајдени исто така најлончина со бижутерија. Во багажниот простор од левата и десната страна под страничните капаци е откриено сокриена стока кармини за уста и тоа вкупно: препарати за шминкање на усни 60 парчина, препарати за шминкање на очи 175 парчина, препарати за маникир и педикир 24 парчина, привезоци за клучеви 70 парчина, женски белегзии 11 парчина, со вкупна вредност на стока од 27.520,00 денари со избегнати царински давачки во износ опд 6.921,00 денари.

Со гореопишаното дејствие пријавениот Еџевит Касум од Битола, сторил царински прекршок по член 263 став 3 вв. став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Според член 4 став 1 точка 24 од Царинскиот закон ставање стока на увид на царинскиот орган е известување до царинскиот орган, на пропишан начин, за пристигнување на стоката кај царинскиот орган или кое било друго место кое царинскиот орган го одредил или одобрил.

Според член 50 од Царинскиот закон, стоката која пристигнува до царинскиот орган на граничниот премин или на друго место кое што царинскиот орган го определил или одобрил, се става на увид на царинскиот орган од страна на лицето кое ја внело во царинското подрачје или ако е потребно, од страна на лицето кое што ја презело одговорноста за превоз на стоката по нејзиното внесување, во спротивно сторува царинскиот прекршок од член 263 став 3 в.в со став 1 точка 5 од Царинскиот закон.

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Согласно член 263 став 3 во врска со став 1 точка 5 од Царинскиот закон, („Службен весник на РМ" бр.39/05 .... 144/18) гллоба во износ од 500 до 2.250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на физичкото лице, ако стоката не ја стави на увид на царинскиот орган (член 50).

Согласно член 267 став (1) од Царинскиот закон („Сл.весник на РМ" број 144 од 03.08.2018 година) стоката која е предмет на прекршок од членовите 263 и 265 во врска со членот 263 од овој закон се одзема, а согласно став 3 од истиот член стоката се одзема и кога не е сопственост на сторителот на прекршокот, доколку сопственикот на стоката знаел или со оглед на околностите би можел да знае дека стоката е предмет на прекршоците од член 263 и 265 на овој закон.

При ваква правна и фактичка состојба на работите Комисијата повторно утврди дека во дејствието на сторителите целосно е содржано обележјето на прекршокот од член 263 став 3 вв став 1 точка 5 од Царинскиот закон и дека на истиот треба да му се изрече прекршочна санкција односно глоба и прекршочна мерка одземање на предметните стоки согласно со законот.

Во оваа насока, Комисијата постапувајќи по напатствијата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка дадени во решението УП2 број 17-197 од 24.12.2020 година, како и цитираните одредби од член 3 став 2 на Кривичниот законик, па во оваа насока утврди дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата на сторителите правилно е да бидат применети одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на РС Македонија" бр.96 од 17.05.2019 година, според кој глобата за физичко лице се состои во плаќање на определен паричен

износ кој не може да биде помал од 15 евра во денарска противвредност ниту поголем од 250 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено, поради кое Комисијата на сторителот му изрече глоба според одредбите на Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ" бр.96/19) односно му изрече глоба во износ од 100 евра, а со кое смета дека ќе се исполни целта на законот и изрекувањето на прекршочната санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата повторно ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на глобата, примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на Комисија
Маринела Бојаџиева

Бр. 28-061675/18-0018
Скопје, 02.02.2022 година
Прк.бр.0226/18

Доставено во оригинал до:

- сторителот
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Наим Рамети